Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на дел дневните настани 26.12.2021

На 26.12.2021 во 04,50 часот на подрачје на Аеродром од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Д.П.(22) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 00,50 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Ф.Р.(23) од Швајцарија, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 00,40 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода П.Д.(29) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 01,50 часот на подрачје на Карпош од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода Д.Т.(31) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 23,15 часот на подрачје на Центар од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода 17 годишник од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 20,45 часот на подрачје на Ѓорче Петров од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил лишен од слобода А.Д.(21) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена грутчеста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 09,15 часот на Граничниот премин Табановце, на влез во РСМ, од полициски службеници бил лишен од слобода М.З.(39) од Гостивар, затоа што при извршена пасошка контрола било утврдено дека тој евидирал во Стоп-Листа, за издржување казна затвор во траење од една година за сторено кривично дело по чл.236 став 3 од КЗ на РСМ, и да се спроведе КПУ-Затвор Тетово. Тој бил предаден на полициски службеници од СВР-Куманово за понатамошна постапка.

На 25.12.2021 во 23,00 часот во Штип од полициски службеници од СВР Штип биле лишени од слобода К.М.(25), В.М.(32) и И.О.(35) сите Штип затоа што кај В.М. и во возилото во кое се наоѓале истите биле пронајдени марихуана и грутчеста материја. По целосното документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 23,00 часот од полициски службеници на регионалниот пат Градско-Неготино кај с.Црвени Брегови од слобода бил лишен А.Ј.(20) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по чл.418 ѓ од КЗ на РСМ. Имено истиот во патничко возило "пасат" со прилепски регистарски ознаки превезувал пет мигранти од Сирија. По целосното расчистување на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 12,00 часот во Полициската станица Гази Баба И.Б.(19) од Скопје пријавила дека во с.Јурумлери била касната од куче скитник.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против С.К.(26) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 29.04.2021, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(25) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба наркотични дроги". На 25.05.2018 на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници извршиле преглед на возило и пет лица кои биле во него, меѓу кои и пријавениот, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Г.М.(34) од Велес поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здравствените прописи за време на епидемија". На 11.09.2021, полициски службеници извршиле контрола и не го затекнале пријавениот во својот дом и на тој начин постапил спротивно на решението од Државниот санитарен и здравствен инспекторат за задолжителна самоизолација.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривична пријава против Ш.Р.(47) од с.Арачиново, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривични дела „фалсификување исправа" и „непостапување според здравствени прописи за време на епидемија". На 06.10.2021 на Граничен премин Табановце пријавениот приложил фалсификуван ПЦР тест.

На 25.12.2021 во СВР Охрид, приведен е М.Ч. (55) од Охрид кој претходно, е затекнат при кражба во црквата „Св.Климент" во Охрид. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.12.2021 од 14,05 до 15,25 часот од страна на полициски службеници од ОНТДО-СВР-Штип, по претходна судска наредба од Основен суд Штип, извршен бил претрес во домот на М.П.(37) од Штип. При претресот биле пронајдени 11 пакувања со бела прашкаста материја, 135.000 денари, 4.380 евра, 130 фунти, 50 франци и два мобилни телефони за кои постои основи на сомнение дека потекнуваат од извршено кривично дело. Пронајдените предмети биле одземени од М.П., а тој бил лишен од слобода и по целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 25.12.2021 во 11,45 часот пријавено дека на подрачјето на Ѓорче Петров две лица физички го нападнале Ј.Т.(85) од Скопје и насилно му одзеле паричник. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 16,05 часот Р.А.(48) од с.Батинци-скопско пријавил дека истиот ден околу 13,20 часот во с.Батинци неговиот малолетен син бил физички нападнат од М.Ш.(24). Причина за физичкиот напад била претходна расправија. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ. Истиот ден околу 22,10 часот М.Ш. пријавил дека Р.А. му се јавил на мобилен телефон и му упатувал закани заедно со уште едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

Синоќа (25/26 декември) од 23 до 2 часот, полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола со која вкупно биле опфатени четири угостителски објекти во Тетово.При контролата, во угостителски објект на улица "Димо Гавровски-Кара" биле затекнати и во координација со Државен пазарен инспекторат со соодветни поднесоци санкционирани четири лица од тетовските села Шемшово, Нераште, Мала Речица и Џепчиште, кои не поседувале сертификати за примена вакцина против "ковид-19" и 2 лица без документи за идентификација.Двете лица без документи приведени се во Полициска станица Тетово за натамошна постапка, а санкции ќе следуваат и за угостителскиот објект.Во угостителски објект на улица "Маршал Тито" , пак, бил затекнат еден малолетник и нему ќе му биде изготвен соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 03,55 часот, било пријавено дека пред дискотека во Градски парк неколку лица кои според пријавеното биле вработени како обезбедување во дискотеката, физички ги нападнале М.С.(21), Д.М.(56) и В.А.(46) сите од Скопје. Се работи на расчистување на настанот.

На 25.12.2021 во 11,15 часот, Р.К. пријавил дека истиот ден околу 10,00 часот во с.Мирковци, неговата мајка Д.К.(68) од с.Мирковци, била нападната од две кучиња сопственост на Б.К.(40) од с.Мирковци, кои ја турнале на улицата при што се здобила со тешка телесна повреда. Се работи на расчистување на случајот

На 25/26.12.2021 година од 23 до 02 часот, полициски службеници и вработени од Управата за јавни приходи, на подрачјето на Охрид, извршија контрола во 17 угостителски објекти при што, затекнаа четири малолетни лица кои биле во угостителски локал по 24 часот, едно лице со лажен сертификат за извршена вакцинација и три лица без сертификати за извршена вакцинација. Претставниците од УЈП, кај повеќе угостителски објекти, констатирале низа неправилности во готовински промет.По овие основи, против физичките и правните лица, ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 25.12.2021 во 17,30 часот Д.В.(41) од Скопје пријавил дека на подрачје на Аеродром бил во подземна гаража за да го види својот моторцикл, кој бил покриен со церада и пронашол кеса во која имало марихуана. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 13,45 часот било пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода од објект во изградба додека изведувал градежни работи од скеле паднал Ј.М.(32) од с.Стринница-тетовско и се здобил со тешки телесни повреди констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 25.12.2021 во 14,50 часот било пријавено дека во с.Идризово-скопско, бил пронајден починат Љ.В.(85). Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт. Извршен бил увид на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје и по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било дадено на одјукција.

На 25/26.12.2021 од 20,00 до 02,00 часот, полициските службеници на подрачјето на СВР Охрид, извршиле контроли при што санкционирале 16 возачи кои, управувале моторно возило под дејство на алкохол (Охрид-09, Струга-02, Кичево-02, Дебар-03).

На 25.12.2021 во 20,30 часот С.С.(31) пријавил дека на подрачјето на Центар бил физички нападнат од М.Н. од Битола и уште две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 12,10 часот Б.Ј.(39) од Скопје пријавил дека на 24.12.2021 околу 16,30 часот во основно училиште на подрачјето на Аеродром неговиот малолетен син бил физички нападнат од соученик. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 13,00 часот М.С.(41) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 01,00 часот на подрачјето на Гази Баба бил физички нападнат од две лица. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 20,30 часот М.К.(45) од Скопје пријавил дека во парк во Зелениково-скопско по претходно недоразбирање неговиот малолетен син бил физички нападнат од И.М.(36) од Скопје. Сочинет бил записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 26.12.2021 во 05,00 часот пред дискотека во Велес бил лишен од слобода И.Т.(25) од Велес затоа што физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосното документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 02,30 часот било пријавено дека во Демир Капија во угостителски објект П.Л.(33) физички го нападнал Ј.А.(25), двајцата од Демир Капија. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.12.2021 во 02,10 часот Ф.С.(18) од с.Брвеница-тетовско пријавил дека во Тетово пред дискотека физички биле нападнати М.Г.(18), Д.Г.(19) двајцата од с.Долно Седларце-тетовско и Р.С.(19) од с.Брвеница-тетовско. Според пријавеното нив ги нападнале две лица од Тетово. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 14,15 часот М.Р.(50) од С.Камењане-тетовско пријавил дека на него и на неговиот брат С.Р. со огнено оружје им се заканил Р.М.(53) од с.Чифлик-тетовско, а поради нерасчистени должничко доверителни односи. По кратко време од полициски службеници Р.М. бил пронајден и од него бил одземен пиштол што го поседувал со дозвола. Се работи на расчистување на случајот.

На 26.12.2021 во 00,30 часот било пријавено дека во угостителски објект во Кавадарци Д.Ј.(34) од Кавадарци бил физички нападнат од едно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 25.12.2021 во 15,00 часот Ф.М.(28) од Куманово пријавил дека на 24.12.2021 околу 15,00 часот во Куманово по претходно недоразбирање бил физички нападнат од Б.С. од с.Романовце. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (0)2\3112468 e-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет